**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.08-260**
**07.09.2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-260 од 30.08.2023 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, бр.08-354 од 30.06.2016 година и Заклучокот арх.бр.02-3375/3 од 06.09.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 29-та седница одржана на 06.09.2023 година, донесе

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од ЗАВМУ.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 28-та седница одржана на 29.08.2023 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-3274/2 од 29.08.2023 г., донесе Одлука Уп1 бр.08-260 од 30.08.2023 г. со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, бр.08-354 од 30.06.2016 г., поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од ЗАВМУ, односно поради неплатен годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување во законски утврдениот рок.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), Одлуката Уп1 бр.08-260 од 30.08.2023 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, бр.08-354 од 30.06.2016 г. и Заклучокот арх.бр.02-3375/3 од 06.09.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 29-та седница одржана на 06.09.2023 г., донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

____________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.